Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-525/8
16-12-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08 - 525/1 од 05.10.2022 година, поднесена од [redacted] - Скопје против Град Скопје, за извршена дискриминација врз основа на попреченост, во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 16.12.2022 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** по основ на место на школување, во областа на пристап до јавни добра и услуги сторена од страна на Град Скопје кон учениците од ДСУ "Св. Наум Охридски".

### Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 - 525/1 од 05.10.2022 година, од страна на [redacted] - Скопје за сторена дискриминација по основ на попреченост во областа на пристап до добра и услуги од страна на Град Скопје.

Во претставката [redacted] дека на 03.10.2022 година добиле сознанија дека на улицата [redacted] во Скопје, каде што се наоѓа Државното средно училиште за рехабилитација и образование "Св. Наум Охридски"- Скопје нема никаква ознака дека таму се наоѓа училиште. Според нив, ова е од особена важност имајќи предвид дека дополнително станува збор за улица во близина на Државно средно училиште каде што настава посетуваат ученици со атипичен развој. Родителите на учениците дополнително споделиле информации дека улицата е доста фреквентна и возачите не застануваат пред пешачките премини, а голем дел од учениците што посетуваат настава не се свесни за опасноста. Родителите биле упатени да пријават во Град Скопје, но и по изминати триесетина дена од пријавувањето, не добиле никаков повратен одговор. Од [redacted] нагласуваат дека со пропуштањето да се стават соодветни ознаки на улицата [redacted] каде што се наоѓа училиштето, Град Скопје сториле дискриминација врз лицата со попреченост со повреда на принципот на соодветно приспособување.

Имајќи ги предвид наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 14.10.2022 година испрати Известување бр. 08 - 525/6 за произнесување по наводите од претставката до Град Скопје и Известување бр. 08 - 525/3 до ДСУ "Св. Наум Охридски" – Скопје.

На ден 09.11.2022 година, во Комисија за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор кон наводите од претставката заведен под архивски број 08 - 525/5 од ДСУ "Св. Наум Охридски"- Скопје.

Во одговорот ДСУ "Св. Наум Охридски"- Скопје целосно ги потврдува наводите од претставката, односно истакнува дека до сега не е поставена никаква соодветна сообраќајна сигнализација која е неопходна со оглед на сензибилитетот на наведената фактичка состојба. Училиштето дополнително ја нагласува потребата да се постави вертикална и хоризонтална сигнализација, соодветна за зголемување на безбедноста на учениците од ДСУ "Св. Наум Охридски"- Скопје.

На ден 24.11.2022 година до Комисија за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор на наводите од претставката заведен под архивски број 08 – 525/7 од Град Скопје.

Град Скопје во одговорот истакнува дека од моментот на дознавање за непостоењето на соодветен сообраќаен знак на улицата каде што се наоѓа ДСУ "Св. Наум Охридски"- Скопје, веднаш биле преземени соодветни мерки за решавање на проблемот. Првата наведена мерка од страна на Град Скопје е во насока на доставување на Барање за изработка на техничка документација – основен сообраќаен проект до ЈП "Улици и патишта" Скопје заедно со Проектна програма, со кои ќе се предвиди дополнителна сообраќајна сигнализација и опрема со цел намалување на брзината на моторниот сообраќај. За реализација на првата мерка преземена од страна на Град Скопје, Секторот за сообраќај напоменал дека е потребно време да се реализира согласно процедурата наведена во член 348 став 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Втората мерка пак е во насока на тоа што Секторот за сообраќај им наложил на службените лица во ЈП Улици и патишта во најкус можен рок да излезат на терен и да ја обноват веќе постоечката сигнализација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги анализираше наводите во претставката, доставените одговори од страна на ДСУ "Св. Наум Охридски"- Скопје и Град Скопје и утврди дека во конкретниот случај е сторена дискриминација кон учениците од ДСУ „Св. Наум Охридски" врз основа на нивното место на школување во областа на пристап до јавни добра и услуги. Дополнително Комисијата изврши увид на локацијата, при што ја утврди веродостојноста на наводите од претставката. Тука беше контатиран очигледен нееднаков третман, од причина што на истата улица, во непосредна близина се наоѓа училиштето Киро Глигоров, пред кое постои соодветна сигнализација за зголемување на безбедноста.

Иако во претставката како основ на дискриминација беше наведена попреченоста на учениците од училиштето со повреда на принципот на соодветно приспособување, Комисијата сметаше дека основот на дискриминација е местото на школување на овие ученици. Тоа од причина што на учениците кои се запишани во конкретното училиште не им е обезбедена еднаква заштита и безбедност во сообраќајот во пристапот до училиштето како на учениците кои се запишани во други училишта на територијата на Град Скопје. Град Скопје како надлежен орган за регулирање на режимот на сообраќајот сторило дискриминација кон учениците со тоа што пропуштило да преземе мерки за обезбедување

на безбедност во сообраќајот во зона каде што се наоѓа средното училиште, односно „зона школо". На учениците коишто учат во ДСУ „Св. Наум Охридски" – Скопје не им е обезбеден еднаков квалитет во пристапот до јавни добра и услуги, односно безбедност во сообраќајот, како што им се обезбедува на учениците коишто учат во другите училишта на територијата на Град Скопје.

Од друга страна во однос на надлежностите на општините, а согласно **член 22 став 1 точка 4** од **Законот за локална самоуправа**, општините се надлежни за:

- *Регулирање на режимот на сообраќајот и*
- *Изградба и одржување на уличната сообраќајна сигнализација.*

Во **Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата** во **член 7 став 1** е предвидена надлежноста на Град Скопје:

*„Општините и градот Скопје го уредуваат сообраќајот на локалните патишта и улици на своето подрачје, согласно со одредбите од овој закон. "*

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека е извршена дискриминација врз учениците од ДСУ "Св. Наум Охридски" преку пропуштање да се постави соодветна сигнализација на улицата на која се наоѓа училиштето. Со тоа на учениците подолг временски период им е намалена безбедноста и дополнително, отежнат им е пристапот до училиштето каде што посетуваат настава. На тој начин е исполнета законската дефиниција за дискриминација од **член 6** од **Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Од причина што дискриминацијата е вршена врз група лица во подолг временски период, непрекинато Комисијата утврди **продолжена дискриминација, како потежок облик на дискриминација.**

Согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдена дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Град Скопје да обезбеди еднаква заштита, безбедност и режим во сообраќајот во пристапот до училиштето ДСУ „Св. Наум Охридски" – Скопје на улицата [redacted], како што тоа е обезбедено за останатите ученици коишто учат во другите училишта на територија на градот Скопје. И тоа на начин што согласно член 2 став 1 точка 51 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за „зона школо" ќе постави соодветна вертикална и хоризонтална патна сигнализација. Град Скопје е должен да го исполни препорачаното и за истото да ја извести Комисијата, **најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на ова мислење.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Град Скопје во иднина да обезбедува еднаков квалитет во пристапот до јавните добра и услуги за сите лица подеднакво, без разлика на било која од дискриминаторските основи.

Доколку препораката не биде исполнета во законски предвидениот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на надлежностите од член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
16.12.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- Хелсиншки Комитет за човекови права, ул. „Наум Наумовски Борче" бр. 83, 1000 Скопје
- Град Скопје, Бул. „Илинден" бр. 82, 1000 Скопје
- ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски", ул. „Васил Ѓоргов" бр.47-б, 1000 Скопје